Согласно член 35, точка 1, алинеја 1 од Правилата за котација го објавуваме следново:

**Информации од Консолидираниот биланс на успех во 000 МКД**

| | Тековен период 30.09.2023 | Претходен период 30.09.2022 | Промена | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни Приходи | 22.919.522 | 28.046.806 | -5.127.284 | -18,28% |
| Оперативни Приходи | 22.815.781 | 27.876.019 | -5.060.238 | -18,15% |
| Приходи од продажба | 22.676.890 | 27.681.375 | -5.004.485 | -18,08% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,39% | 99,30% | | |
| | | | | |
| Вкупни Расходи | 22.191.805 | 26.963.914 | -4.772.109 | -17,70% |
| Оперативни Расходи | 22.174.872 | 26.933.386 | -4.758.514 | -17,67% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 19.739.039 | 24.627.485 | -4.888.446 | -19,85% |
| *- % во оперативни расходи* | 89,02% | 91,44% | | |
| | | | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | ***727.717*** | ***1.082.892*** | ***-355.175*** | ***-32,80%*** |

И покрај сите предизвици, во текот на првите девет месеци од 2023 година, „Макпетрол“ АД и подружниците остварија позитивни консолидирани резултати кои ги надминаа планираните, иако приходите и добивката забележаа пад.

Во текот на 2023 година, Групата оствари вкупен консолидиран приход во износ од 22,92 милијарди денари, кој е помал од минатогодишниот за 5,13 милијарди денари, односно остварен е пад од 18,28%.




Падот на консолидираните приходи, споредбено со минатата година, во најголем дел се должи на намалените приходи на големо за 54,38%, а истите учествуваат со 13,85% во консолидираните приходи од продажба. Главни причини за намалување на приходите на големо се падот на продажбата на природен гас од 35,53%, како и падот на продажбата на млазно гориво од 48,5%.

Во текот на првите девет месеци од 2023 година, при неповолни економски услови, Групата како потврден лидер на малопродажниот пазар го зголеми количинскиот промет со нафтени деривати на мало за 6,73%. Во согласност со стратегијата, а со цел задоволување на потребите на потрошувачите кои се секогаш во фокусот, „Макпетрол“ АД го прошири малопродажниот асортиман кој се нуди на бензинските станици, а прометот со истиот се зголеми за 16,27%.

Но и покрај зголемувањето на количинскиот промет, приходите на мало бележат пад од 6,07% како резултат на намалувањето на цените на нафтените деривати на светските берзи, кои како набавни цени зафаќаат најголем дел од малопродажната цена на дериватите.

Расходите за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Групата има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето[1] на најголем дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена на одреден дериват не е регулирана, истата зависи од комплетно екстерни глобални фактори и движења, како што се цените на нафтените деривати на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




Во периодот од 01.01 до 30.09.2023 година „Макперол“ АД и подружниците од своето работење остварија консолидирана добивка пред оданочување во износ од 727,72 милиони денари, наспроти остварената во истиот период минатата година која изнесуваше 1,08 милијарди денари.

Намалувањето на консолидираната добивка пред оданочување од 355,18 милиони денари или 32,8% во најголем дел е резултат на намалената големопродажба на енергенси од 35,86%, како и на нестабилноста на цените на нафтата на светските берзи.

Дополнително врз падот на консолидираната добивка значајно влијае и покачувањето на платите на вработените со цел надминување на економската криза и подобрување на животниот стандард на вработените, кои се најголемата сила и движечка енергија на Групата.

[1] Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ донесува одлуки за утврдување на највисоките малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт, а во истата се вклучени следниве деривати: Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра Лесно 1 (ЕЛ-1) и Мазут М-1 НС.

На графиконот подолу е прикажана консолидираната добивка пред оданочување за 2023 година, како и споредбата на позициите од консолидираниот биланс на успех со истиот период од минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движења кои ја намалуваат консолидираната добивка.

